**20260340580**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 февруари 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средства за здравствена заштита на животните во 2026 година во износ од 169.941.000,00 денари, и тоа од следните извори:

| | |
|---|---|
| Средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, раздел 14005 Програма 2, Потпрограма 20, ставки 425 и 464 | 169.941.000,00 денари |

II

Средствата за здравствена заштита на животните за 2026 година ќе бидат искористени за плаќање на тековни активности утврдени во оваа програма во износ од 149.000.000,00 денари и за неизмирени обврски по активности предвидени со Програмата за здравствена заштита на животните во 2025 година во износ од 20.941.000,00 денари.

III

Средствата за здравствена заштита на животните во 2026 година ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| 1. Здравствена заштита на животните за 2026 година, од Потпрограма 20, ставка 464 | 81.500.000,00 денари |
| 2. Набавка на вакцинални мамки за орална вакцинација на лисици против беснило, од Потпрограма 20, ставка 464 | 67.000.000,00 денари |
| 3. Набавка на опрема и средства за подобра подготвеност во случај на појава на особено опасни заразни болести, од Потпрограма 20, ставка 425 | 500.000,00 денари |
| 4. Неизмирени обврски од 2025 година | 20.941.000,00 денари |

IV

Активностите од точка 1 дел III на оваа програма за здравствена заштита на животните во 2026 година ги опфаќаат следните ставки:

| Реден број | Вид на мерка | Износ во денари со ДДВ |
|---|---|---|
| 1. | Надзор на болести кај свињи | 4.360.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Земање и испраќање на примероци за испитување на класична чума кај свињи | 660.000,00 |
| 1.2 | Дијагностичко испитување на класичната чума кај свињи | 700.000,00 |
| 1.3 | Земање и испраќање на примероци за испитување на африканска чума кај свињи | 1.100.000,00 |
| 1.4 | Дијагностичко испитување на африканска чума кај свињи | 1.500.000,00 |
| 1.5 | Клинички преглед во одгледувалишта на свињи | 400.000,00 |
| 2. | Надзор на болести кај живина | 2.100.000,00 |
| 2.1 | Земање на примероци и брисеви за мониторинг на присуство на болести кај домашна, комерцијална, дива и водна живина | 500.000,00 |
| 2.2 | Дијагностичко испитување на Њукастелска болест | 500.000,00 |
| 2.3 | Дијагностичко испитување на авијарна инфлуенца | 500.000,00 |
| 2.4 | Дијагностичко испитување на салмонелоза кај живина | 500.000,00 |
| 2.5 | Дијагностичко испитување на западно - нилска треска кај живина | 100.000,00 |
| 3. | Надзор на заразни болести кај копитари | 1.000.000,00 |
| 3.1 | Вакцинација на копитари против антракс | 20.000,00 |
| 3.2 | Земање на примероци за инфективна анемија кај копитари и западно - нилска треска | 300.000,00 |
| 3.3 | Дијагностичко испитување на присуство на западно - нилска треска | 300.000,00 |
| 3.4 | Дијагностика на инфективна анемија кај копитари | 380.000,00 |
| 4. | Надзор на болести кај пчели | 600.000,00 |
| 4.1 | Испраќање на материјал за испитување на заразни и паразитски болести кај пчели | 130.000,00 |
| 4.2 | Дијагностичко испитување на американска чума на пчелно легло | 400.000,00 |
| 4.3 | Дијагностичко испитување на други заразни болести кај пчели | 70.000,00 |
| 5. | Надзор и контрола на вектори | 900.000,00 |
| 5.1 | Поставување на мамки и земање на примероци | 200.000,00 |
| 5.2 | Мониторинг и контрола на вектори (инсекти) (броење и идентификација) | 500.000,00 |
| 5.3 | Поставување на мамки и земање на примероци (инсекти вектори од родот комарци CULEX) | 100.000,00 |
| 5.4 | Мониторинг и контрола на вектори (инсекти вектори од родот комарци CULEX) | 100.000,00 |
| 6. | Надзор на заразни болести кај дивеч | 5.970.000,00 |
| 6.1 | Земање на примероци во случај на сомнеж на беснило | 100.000,00 |
| 6.2 | Мониторинг на беснило - лабораторија (поствакциналене мониторинг на беснило и детекција на тетрациклин) | 1.200.000,00 |
| 6.3 | Лабораториско испитување при сомнеж на беснило | 100.000,00 |
| 6.4 | Отстрел, земање и испраќање примероци од застрелани лисици и диви свињи и пријава на угината дива свиња | 1.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.5 | Дијагностичко испитување на класична чума и африканска чума кај диви свињи | 2.500.000,00 |
| 6.6 | Дијагностичко испитување на други заразни болести кај дивеч | 20.000,00 |
| 6.7 | Дијагностичко испитување на трихинела и ехинококоза кај диви свињи и лисици | 50.000,00 |
| 6.8 | Пријава на трупови од пронајдени, угинати и застрелани животни | 1.000.000,00 |
| 7. | Надзор на заразни и паразитарни болести кај кучиња | 200.000,00 |
| 7.1 | Земање и испраќање на примероци за беснило | 100.000,00 |
| 7.2 | Дијагностичко испитување на беснило и други паразитски болести | 100.000,00 |
| 8. | Надзор на заразни болести кај риби | 1.500.000,00 |
| 8.1 | Дијагностичко испитување на заразни болести кај риби | 1.500.000,00 |
| 9. | Надзор на заразни болести кај овци и кози | 22.800.000,00 |
| 9.1 | Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на болести кај овци и кози | 11.000.000,00 |
| 9.2 | Дијагностичко испитување на бруцелоза кај овци и кози | 10.500.000,00 |
| 9.3 | Вакцинација против бруцелоза кај овци и кози | 50.000,00 |
| 9.4 | Превентивна вакцинација против антракс | 50.000,00 |
| 9.5 | Дијагностичко испитување на чума кај мали преживари и други болести кај овци и кози од категорија А листата на болести | 700.000,00 |
| 9.6 | Дијагностичко испитување на болеста син јазик | 500.000,00 |
| 10. | Надзор на заразни болести кај говеда | 23.670.000,00 |
| 10.1 | Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на болести кај говеда | 8.500.000,00 |
| 10.2 | Дијагностичко испитување на бруцелоза кај говеда | 7.500.000,00 |
| 10.3 | Превентивна вакцинација против антракс | 20.000,00 |
| 10.4 | Туберкулизација и ретуберкулизација на говеда | 7.000.000,00 |
| 10.5 | Земање на примероци од говеда за детекција на присуство на вирусот на болест на чвореста кожа | 100.000,00 |
| 10.6 | Дијагностичко испитување на болест на чвореста кожа кај говеда | 100.000,00 |
| 10.7 | Клинички преглед во одгледувалишта на говеда | 50.000,00 |
| 10.8 | Дијагностичко испитување на болеста син јазик | 400.000,00 |
| 11. | Надомест за убивање, колење и евтаназирање на животни. Надомест за заклани, евтанизирани и убиени животни. Надомест за транспорт до објект за колење или локација за убивање, колење или евтаназирање на животни. Надомест за транпорт за нештетно отстранување на лешеви и нуспроизводи од заклани, евтаназирани и убиени животни. | 12.000.000,00 |
| 12. | Трошоци за дезинфекција и дезинсекција при контрола и сузбивање на особено опасни болести и болести | 1.500.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | предвидени со Годишна наредба за здравствена заштита на животните | |
| 13. | Земање на примероци, дијагностика, превентивни и контролни мерки за сузбивање на особено опасни болести согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство, како и во случај на болести кои не се предвидени согласно Годишна наредба за здравствена заштита на животните, како и за одржување на статус на земја слободна од заразни болести кај животни | 800.000,00 |
| 14. | Надзор на болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство кои не се предвидени со Годишна наредба за здравствена заштита на животните и за кои нема програма за надзор или контрола и сузбивање | 1.600.000,00 |
| 15. | Внесување на податоци за активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните во Информациониот систем на Агенција за храна и ветеринарство | 1.500.000,00 |
| 16. | Средства за воспоставување на контролни и заштитни мерки во случај на непредвидени (итни) ситуации, односно мерки за болести кои не се предмет на Годишната наредба за здравствена заштита на животните, болести кои никогаш се немаат појавено на територијата на Република Северна Македонија и сл. | 1.000.000,00 |
| Вкупно | | 81.500.000,00 |

V

Средствата од дел IV потточките 1.1, 1.3, 1.5, 2.1, 3.1, 3.2, 4.1, 5.1, 5.3, 6.1, 6.4, 6.8, 7.1, 9.1, 9.3, 9.4, 10.1, 10.3, 10.4, 10.5, 10.7, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од оваа програма, ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарните друштва и на други правни или физички лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за ветеринарно здравство и по донесено решение од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Средствата од дел IV потточките 1.2, 1.4, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5, 3.3, 3.4, 4.2, 4.3, 5.2, 5.4, 6.2, 6.3, 6.5, 6.6, 6.7, 7.2, 8.1, 9.2, 9.5, 9.6, 10.2, 10.4, 10.6, 10.8, 13, 14 и 16 од оваа програма, ќе се исплаќаат врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и овластена лабораторија.

Средствата од дел IV потточка 2.1, 6.1, 6.4, 6.8, 13, 14 и 16 од оваа програма се исплаќаат на правни лица врз основа на склучен договор меѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и физички и правни лица (ловни друштва, концесионери на дивечот на ловиштата и национални паркови во Република Северна Македонија).

VI

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја во кои се појавиле заразни болести во поголем обем.

VII

За спроведување на оваа програма се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-1408/9 | Претседател на Владата |
| 17 февруари 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |